| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | „Да сме здрави“ |
| **Содржина на денот** | **„**Јас сум чисто детенце“ |
| **Возраст** | 3-4години |
| **Воспитувач** | Сања Ѓуреска |
| **Дневни активности** | |
| **Здрави и безбедни навики** | Разговор по слика и практични примери за правилно користење на средствата и приборот за лична хигиена.<br>Разговор како и зошто треба да го чуваме нашето здравје. |
| **Активности** | -Обработка на песна “Јас сум чисто детенце“,во прилог линк: https://www.youtube.com/watch?v=i5eJpJ5RktE Поточиња 2014 год.<br>Активноста започнете ја со разговор по слики или со прибор и средства за лична хигиена, така што на тој начин ќе ги воведете децата во содржината на песната. Водете разговор за средствата и приборот за хигиена кое за што служи. Децата нека набљудуваат, именуваат и опишуваат.<br>Потоа започнете со вежби за правилно држење на телото при пеење, како и со вежби за правилно дишење, односно земање на воздух низ нос и испуштање воздух низ уста.<br>Слушајте ја песната неколку пати, објаснете го текстот на песната и непознатите зборови. На крајот пејте ја песната во придружба на музика се додека децата имаат интерес.<br>Активноста завршете ја со апликација на готови форми од самолеплива хартија „Прибор за хигиена“ или со цртање „Прибор за хигиена“ со дрвени бои на лист од блок. |